# ГОДИШЕН ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2010 ГОДИНА



ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

**СОДРЖИНА: Реализирани проекти во 2010 година**

1. **ОДРЖУВАЊЕ НИСКА ХИВ ПРЕВАЛЕНЦА ВО РМ – ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ ПОМЕЃУ КОРИСНИЦИ НА ДРОГИ.................................стр.3**

2. **ОДРЖУВАЊЕ НИСКА ХИВ ПРЕВАЛЕНЦА ВО РМ – ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ ПОМЕЃУ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ.............................стр.7**

3. **ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........................................................стр.9**

4. **ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА ТУБЕРКУЛОЗАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.......................................................стр.14**

5. **МОДЕЛ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОЛГОРОЧНА ПРАВНА ПОМОШ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ...........................................................................стр.15**

6. **ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ..........................стр.16**

7. **МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА..................................стр.20**

8. **ЛОКАЛЕН ЕКСПЕРТСКИ ЦЕНТАР ЗА ДРОГИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

9. **РЕФОРМИ ВО ЗАТВОРИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА - РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦА ЗАВИСНИ ОД ДРОГИ................................................................стр.26**

10. **ЧЕКОР НАПРЕД....................................................................стр.29**

11. **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЛЕКУВАЊЕ НА РОМИ КОРИСНИЦИ НА ДРОГИ...........................................................стр.32**

12. **РАЗВИВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛИЦА ЗАВИСНИ ОД ДРОГИ.............стр.32**



ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

**1. Име на проектот:** Одржување на ниска ХИВ преваленца во Република Македонија, Зајакнување на капацитети

**Донатор:** Глобален Фонд за СИДА, туберкулоза и маларија

**Времетраење на проектот: 01.04.2008- 31.12.2011**

**Цели на проектот**: Превенција на ХИВ/СИДА меѓу лицата кои инјектираат дроги

**Цели:**
**1.** Подобрување на социјалната и здравствената состојба на корисниците на дроги
**2.** Промоција и заштита на правата на корисниците на дроги
**3.** Лобирање и застапување за хумана и ефективна политика на дроги

**Активности:**

## Размена на стерилен прибор за инјектирање

Сервисот за размена на стерилен прибор за инјектирање ги вклучува следниве активности:

1 Размена на стерилен прибор за инјектирање
2. Бесплатна дистрибуција на кондоми
3. Дистрибуција на информативен и едукативен материјал за превенција на ХИВ и други КСПИ, и за безбедно инјектирање и безбеден секс и безбедна употреба на дроги
4 Организирање на работилници за безбедна употреба на дроги, безбеден секс, ХИВ/СИДА и други КСПИ
5 Доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА
6. Собирање, транспорт и согоривање на медицински отпаден материјал

Постигнати резултати:

| 2010 година | |
|---|---|
| Добиени шприцеви | 57816 |
| Дадени шприцеви | 134678 |
| Добиени игли | 97289 |
| Дадени игли | 297100 |
| Дадени кондоми | 11640 |
| Нови контактирани клиенти | 155 |
| Број на различни клиенти | 792 |
| Вкупен број на посети | 11945 |

## Медицински сервис

Медицинскиот тим нуди основна медицинска помош за намалување на последиците од долготрајно и неправилно инјектирање и ги вклучува следниве активности:

- санирање на рани, третман на апсцеси, преврски
- премачкување со хепарински масти и гелови
- советување за одржување на здравствената состојба
- советување за ХИВ/СИДА, хепатит Б, Ц и други крвно и по сексуален пат преносливи инфекции
- советување за видови droги и последиците од нивната употреба
- упатувања до соодветни здравствени институции
- анонимно и бесплатно тестирање за ХИВ/СИДА
- информирање за видовите на третмани кои постојат во земјата
- психијатриска помош и советување

Постигнати резултати:

Во прилог во табелата се прикажани бројот на дадени медицински услуги во 2010 година:

| Вид на услуга | 2010 |
|---|---|
| Чистење на рани | 962 |
| Антибиотски масти, спрејови | 897 |
| Преврска | 1355 |
| Премачкување со хепатромбински масти и гелови | 2453 |
| Препорака за антибиотска терапија во консултација со матичен лекар | 247 |
| Упатување до соодветна здравствена институција за медицински третман | 258 |
| Совет, едукација, информација за ХИВ/СИДА, Хепатитис Б и Ц | 81 |
| Информации за метадонска терапија | 54 |
| Информации за детоксикација | 17 |
| Совети, консултации за апстиненција | 22 |
| Психијатриска помош и советување | 106 |

## Социјален сервис

Тимот од 4 социјални работници ги спроведува следниве услуги на терен и во дроп ин центрите:

- Информации и консултации за добивање здравствено осигурување, социјална помош, документи за лична идентификација
- Асистенција при вадење на потребните документи
- Поврзување со потребните здравствени и социјални институции и сместување во истите

- Индивидуални советувања и советувања во група
- Нудење на информации за вработување
- Материјална помош (административни такси, оброк, облека, лекови)
- Разговори со семејството итн.

Постигнати резултати
Во прилог во табелата се прикажани бројот на дадени услуги во 2010 година:

| Вид на услуга | 2010 |
|---|---|
| Информативен совет за добивање здравствено осигурување | 399 |
| Информативен совет за добивање социјална помош | 263 |
| Информативен совет за добивање документи за лична идентификација | 339 |
| Упатување во владини институции | 602 |
| Упатување во други НВО | 35 |
| Индивидуално советување | 1634 |
| Советување во група | 85 |
| Прекпраќање кај правен советник | 242 |
| Информативен совет за добивање еднократна парична помош и други бенефиции | 51 |
| Информативен совет за добивање сместување | 31 |
| Информативен совет или упатување на обука за вработување | 4 |
| Заедничка посета со клиент до различни институции и организации | 122 |
| Контакти со институции во име на клиент | 197 |
| Посета на клиент во негово живеалиште | 60 |
| Посета на клиент во институција | 8 |
| Административен трошок | 312 |
| Бесплатни лекови, храна, облека | 53 |
| Контакти по телефон | 286 |
| Сместени на лекување | 27 |

## Бесплатна правна помош

Тимот од 3 правни советници нуди правни услуги во следните области: човекови права, кривично право, семејно, имотно/облигационо, наследно, прекршочно, управно право.
Правните услуги се даваат во форма на советување, изготвување на правни документи, упатување до институции, контакти со институции за потребите на клиентите и по потреба придружување на клиентите пред надлежни институции.

Покрај индивидуалните правни услуги правниот сервис советувањето за правата и начинот на нивното остварување од страна на клиентите го реализира и преку неформални групни советувања и едукативни работилници. Правниот сервис нуди и застапување пред надлежни судови во стратешки случаи каде постои прекршување на човекови права и случаи на дискриминација.

Постигнати резултати:

| **2010 година**<br>**Области од кои е побарана и дадена правна помош** | **Совети** | **Упатување** | **Изготвување на писмени документи** | **Контакти со институции за потребите на клиентите** | | | **Број на услуги** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Телефон** | **Со присуство** | **Без присуство** | |
| Кршење на човекови права | 225 | 34 | 39 | | 1 | 8 | 307 |
| Кривично | 894 | 157 | 64 | 2 | 6 | 17 | 1140 |
| Имотно/облигационо | 146 | 27 | 5 | | | | 178 |
| Семејно | 40 | 8 | 1 | | | | 49 |
| Наследно | 35 | 4 | | | | | 39 |
| Прекршоци | 72 | 13 | 5 | | | | 90 |
| Управно | 113 | 43 | 18 | 1 | | | 175 |
| **Вкупно** | **1525** | **286** | **132** | **3** | **7** | **25** | **1978** |

## Доброволно, доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА

Сервисот за доверливо советување и тестирање за ХИВ/СИДА се реализира со теренско комбе опремено за таа намена. Тимот е составен од советувач, гејткипер и лаборант. Советувачот е обучено лице кое го води советувањето за процена на ризично однесување, но и пренесување на информации за ХИВ, намалување на ризично однесување, гејткиперот мотивира за тестирање, а лаборантот го прави тестот. Програмата за намалување на штети од употреба на дроги во просек има два термини месечно за тестирање.
Постигнати се следниве резултати

| 2010 година | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | |
| Корисници на дроги | 94 | 14 | 108 |
| Други лица | 8 | 8 | 16 |
| Вкупно | 102 | 22 | 124 |


ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

**2. Име на проектот:** Оджување ниска ХИВ преваленца во РМ, Зајакнување на капацитети

**Донатор:** Глобален Фонд за СИДА, туберкулоза и маларија

**Временски период на реализација:** 01.04.2008 – 31.12.2010

**Цели на проектот:** Превенција на ХИВ/СИДА помеѓу сексуалните работници во Скопје

**Реализирани активности**

- Редовна теренска работа помеѓу сексуални работници/чки на три терени -отворена сцена, во ромска заедница и затворена сцена;
- Теренска работа со потенцијални клиенти на сексуалн работници на улица;
- Поддршка на сексуални работници во Дневен центар преку овозможување директи услуги (туш, оброк, машини за перење/сушење), работилница за разубавување, услуги од социјални работнички, правни советнички, психолог; креативни и едукативни работилници;
- Одбележување настани:

- 2 февруари, беа изработени симболични поклони кои се делеа на терен,
- 8-ми март, Денот на жената - во Дневниот центар се организираше забава при што самите клиенти подготвуваа храна, правната советничка оддржа предавање за значењето на 8-ми март и проектираше краток документарен филм за историјата на тој ден, а и беа изработени симболични поклони за СР кои подоцна беа делени во центарот и на терен.
- 26ти Ноември, Денот за борба против семејното насилство – организирана е едукативна работилница на која беше проектиран краток филм за семејно насилство и исто беше поделено ЦД со песна за активизам против семејното насилство.
- 1 Декември, Светски ден за борба против ХИВ/СИДА – организирани се 3 работилници - едната со психолог за растрашување од ХИВ позитивен статус (личен или на близок) и намалување на стигмата кон ХИВ позитивните лица; втората беше работилница за правење постер ‘А-Ш за безбеден секс‘; третата беше кондом рели за правилно и брзо местење кондом во кутија.
- 10 декември , Меѓународниот ден на човекови права - оддржана работилница за човекови права

- 17 декември , Интернационален Ден за Стоп на насилството врз сексуалните работници – сексуалните работници орагнизираа закуска и забава во центарот по што се приклучија на маршот на црвените чадори организиран од СТАР-СТАР
- Континуирана логистичка, административна и програмска поддршка на програмите за превенција на ХИВ меѓу сексуалните работници во Струмица, Гостивар и Охрид;

**Постигнати резултати**

- Во **2010** година во рамките на Програма за поддршка на сексуални работници контактирани се вкупно **218** различни СР (183 женски, 35 машки) од кои **77** се новоконтактирани сексуални работници (65 женски, 12 машки)
- Поделени се **59.235** кондоми, **9.344** лубриканти, **3.510** брошури, **10.121** шприцеви и **15.431** игли;
- Во Дневен центар за поддршка на СР дадени се вкупно **5912** директни сервиси (туш, храна, перење/сушење алишта, разубавување);
- На терен од страна на теренските работници дадени се вкупно **6089** услуги (пиер едукација, препраќање, советување, превентивни материјали);

- Во рамките на програмата дадени се:
- **3930** социјални услуги,
- **1088** правни услуги,
- **362** услуги од психолог
- **29** услуги од педагог
- **186** услуги од гинеколог

- Организирани се **28** едукативни работилници на кои при **213** посети присуствувале **78** различни сексуални работници;
- Организирани се 15 креативни работилници за шиење на кои при 38 посети зеле учество 17 различни сексуални работници;
- При 3.147 контакти на терен, дадени се **9441** услуги на клиенти на сексуални работици;
- Континуирано зголемување на обемот и квалитетот на работа на програмите за превенција на ХИВ меѓу сексуалните работници во Струмица, Гостивар и Охрид;

**Следни чекори:**

- Континуирана реализација на започнатите активности.

**3. Име на проектот: Воспоставување на програма за превенција од злоупотреба на дрога во средните училишта во Република Македонија**

**Донатор:** МАТРА програма, Министерство за надворешни работи на Холандија

**Почеток и крај на проектот:** ноември 2008 до ноември 2011 година

**Цел/цели на проектот:** Главната, долгорочна цел на проектот е да придонесе во развојот на училишна програма за превенција на злоупотреба од дроги во средните училишта во Македонија со цел да се намали степенот на ризична и проблематична употреба на дроги помеѓу младите луѓе и со тоа да се подигне јавната свест за неповолната позиција и социјалната исклученост на корисниците на дрога.
Целта на проектот е воспоставување на ефикасна национална програма за превенција на злоупотреба од дроги во средните училишта во Македонија.

**Реализирани активности и постигнати резултати:**
*Резултат 2: Развиен и имплементиран е модел на програма за превенција од дрога во трите пилот средни училишта*
Во периодот ноември 2009 - февруари 2010 година, вкупно 60 класни раководители од прва и втора година (во дел од училиштата и од трета година), како и претставници од психолошко – педагошките служби беа обучени за имплементација на програма за превенција од алкохол и канабис. На сите учесници на обуките им беа поделени превентивни пакети составени од: Прирачник за превенција од злоупотреба од алкохол; Прирачник за превенција од злоупотреба од канабис; Информативни материјали за алкохол и канабис наменети за родители и наставници;
Информативни материјали за алкохол и канабис наменети за ученици и ЦД со поњер поинт презентации за алкохол и канабис. Обуките беа евалуирани преку прашалници за евалуација (специјално подготвени за оваа намена) и преку организирање на фокусни групи со наставници по секоја обука. Резултатите од евалуацијата беа употребени за понатамошно унапредување на изработените прирачници, инфо материјали и работилници за ученици.
Во периодот март – мај 2010 година, вкупно 2099 ученици беа обучени за превенција од алкохол и канабис преку серија на работилници кои се оддржуваа за време на класните часови. Со цел подобро следење и евалуација на процесот на имплеметација на работилниците наменети за учениците, класните раководители пополнуваа урнек за белешки после секоја спроведена работилница на класниот час, додека за учениците беше подготвен завршен прашалник за евалуација и тест за знаење.

Во периодот јули - август 2010 година локалните тимови работеа на изготвување на детални акциски планови за вклучување/инкорпорирање на програмата за превенција од злоупотреба на droги во Годишните училишни програми за 2010/2011 година во трите пилот средни училишта. Во септември 2010 година програмата беше инкорпорирана и усвоена од Училишните совети како и од Советите на општините Тетово, Струмица и Скопје.

Втората фаза од обуките во трите пилот средни училишта во Скопје, Струмица и Тетово започна со новата учебна 2010/2011 година. Во периодот септември – декември 2010 година вкупно 68 класни раководители и претставници од психолошко-педагошките служби беа обучени за превенција од злоупотреба од алкохол и канабис и се очекува до крајот на учебната 2010/2011 година, 2058 ученици да бидат опфатени со превентивните работилници.

Во трите пилот средни училишта изготвени и усвоени се Протоколи во кои се дефинираат одговорностите и улогите на членовите на училишната заедница во однос на регулирањето на употребата на алкохол/дрога.

Во јануари 2010 година во градовите Скопје, Струмица и Тетово беше спроведено мапирање на организации/институции и поединци кои работат со малолетни/млади лица на проблемот на злоупотреба на дроги и врз основа на собраните податоци беше изготвена дата база со адреси, контакт лица и профил на услугите кои овие организации/институции ги нудат.

Во февруари 2010 година, 2 (еднодневни) обуки за Детекција и мотивациско интервју, изведени од страна на Marcel Seuringa, BHH Education and prevention од Холандија, беа организирани за членовите од трите локални тимови (превентивни работници, градски и училишни координатори), како и за поширока група на претставници од државни институции/организации кои работат со малолетни/млади лица на проблемот на злоупотреба на дроги (центри за социјална работа, здравствени установи, полиција и сл.). Вкупно 67 учесници беа запознаети со теориите за фази на употреба, зависност и однесување, модел на промени во однесувањето на Prochaska и Diclemente , основи на мотивациско интервју од Miller и Rollnick, и низ практични вежби научија како да препознаат употреба на дрога и како да се убеди ученик да престане со употреба на алкохол или други дроги. Во октомври 2010 година беше организирана продолжителна обука за Мотивациско интервју (изведена од Marcel Seuringa) со цел подигање на капацитетите на педагошко-психолошките служби од трите пилот средни училишта. Вкупно 18 учесници (членовите на трите локални тимови и претставници од педагошко-психолошките служби од градовите Скопје, Струмица и Тетово) добија практична обука за мотивациско интервју.

*Резултат 3: Развиена е национална програма за превенција од дроги во средните училишта, врз основа на успешните елементи од трите пилот училишта*

Работната група составена од експерти, персонал од трите училишта, како и трите локални тимови изработи Национална програма за превенција од дроги за средните училишта врз основа на резултатите добиените од извршената евалуација на пилот превентивните програми во трите училишта.

Во август 2010 година Министерството за образование и наука на Р.М. (МОН) преку официјален допис изрази поддршка во развивањето на национала програма за превенција од дроги во средните училишта и во таа насока побара истата да биде прилагодена на пристапот и методологијата на образование за животни вештини. Вакви препораки беа добиени и од претставникот на Бирото за развој на образованието (БРО) во Експертската група за воспоставување и проширување на програмата за превенција од злоупотреба на дроги во другите училишта во Р. Македонија при МОН.

Следејќи ги препораките од МОН и БРО беше исконтактиран експертскиот тим одговорен за подготовка на прирачникот за ОЖВ за основните училишта и во периодот август – декември 2010 година беа организирани 4 (еднодневни обуки) наменети за училишните координатори и превентивните работиници. На овие обуки тие се запознаа со принципите и методологијата на образование за животни вештини и паралелно во поширок консултативен процес беше развиен концепт за 12 нови работилници наменети за сите четири години од средното образование (три работилници по година) проширен за нови дроги и аспекти.

Развиен е самоодржлив модел за проширување на националната програма за превенција од злоупотреба на дроги во средните училишта во Р.М., базиран на искуствата од спроведувањето на Образованието за животни вештини во основните училишта, како и добрите искуства од спроведените превентивни програми во трите пилот училишта во градовите Скопје, Струмица и Тетово.

*Резултат 4: Мултидисциплинарна работна група за дисеминација е создадена, развиен е план за проширување на национално ниво на програмата за превенција од дроги*

Во периодот февруари – април 2010 година, проектниот тим на ХОПС работеше со трите локални тимови на развивање на локални стратегии и поединечни акциски планови за проширување на програмата за превенција од злоупотреба на дроги според образование за животни вештини во останатите средни училишта во трите градови/општини.


ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

- Во Скопје, беше развиена соработка со Координативното тело за дроги на Град Скопје раководено од одделението за социјална, детска и здравствена заштита при Град Скопје и беа договорени заеднички активности кои имаат за цел подигање на капацитетите на психолошко - педагошките служби преку испорачување на обуки, поддршка и менторство на класните раководители и мониторинг и евалуација на програмата за превенција од злоупотреба на дроги според образование за животни вештини во сите средни училишта во Скопје. За таа цел Градот Скопје обезбеди храна и освежување за 42 учесници од психолошко - педагошките служби, како и покривање на целата логистика потребна за 2 (дводневни) обуки, вклучувајќи простор, опрема и тренинг материјали.
- Во Тетово беше организирана тркалезна маса за улогата на Локалната власт во имплементирање на превентивни програми како и обебзбедување на советување и третман поврзан со дроги и употреба на дроги, со учество на претставници од Општина Тетово, НВО, здравствени установи, полиција и центарот за социјална работа. На средбата беа презентирани добри пракси по што се отвори дискусија за потребата од поактивна улога на локалната власт во поддршка на спроведувањето на програмата за превенција од злоупотреба на дроги според образование за животни вештини во средните училишта во Тетово. Како резултат на дискусијата беше закажан состанок за следниот период со општинската администрација во Тетово.

Со цел обезбедување на одржливост на резултатите од проектот беше подготвен документ заедно со Министерството за образование и наука на Р.М. во кој активностите предвидени со Програмата за превенција од злоупотреба на дроги во средните училишта беа испратени како дополнување на Акцискиот план за дроги на Р.М. (2009 - 2012) до заменик претседателот на Државната меѓуресорска контрола за дроги.

**Следни чекори:** Во рамките на третата проектна општа цел (Трета фаза – финализација и проширување) чијшто краен резултат е изготвување на национална програма за превенција на злоупотреба од дроги и проширување на програмата во останатите средни училишта се планираат следниве цели и активности:

1. *Структурно вклучување на програма за превенција од злоупотреба на дроги во средните училишта како една од темите што се обработуваат во рамките на Образование за животни вештини (ОЖВ)*
   1.1. Изработка на програма за превенција од злоупотреба на дроги според методологија на Образование за животни вештини, која се базира на искуствата од спроведувањето на Образованието за животни вештини во основните училишта, како и добрите искуства од спроведените превентивни програми во трите пилот училишта во градовите Скопје, Струмица и Тетово.

1.1.1. Изработка на 12 работилници како дел од темата “Превенција од злоупотреба на droги” наменети за класните раководители што треба да ги реализираат со учениците од сите четири години во средното образование, како една од темите што се планираат во рамките на Прирачникот за Образование за животни вештини (ОЖВ) за средно образование;

1.1.2. Развивање на модул за спроведување на дводневна обука наменета за стручните служби од средните училишта на тема “Превенција од злоупотреба на дроги”;

1.1.3. Изработка на водич за развивање на Протокол за реагирање при сомневање за користење, користење и/или поседување на дрога во училиштето како дел од програмата за рана детекција и интервенција.

*2. Подигање на капацитетите на стручните служби во средните училишта со цел да се здобијат со знаење и вештини во однос на превенција од злоупотреба на дроги според методологијата на образование за животни вештини и рана детекција и интервенција*

1.2. Подигање на капацитетите на стручните служби во средните училишта како тренери/обучувачи и ментори во однос на имплементацијата на работилниците кои се дел од темата “Превенција од злоупотреба на дроги” во рамките на Образование за животни вештини и програмата за рана детекција и интервенција;

1.2.1. Реализација на 10 (дводневни) обуки наменети за претставници од стручните служби од сите средни училишта во Р. Македонија на тема “Превенција од злоупотреба на дроги” и Рана детекција и интервенција.

*3. Промоција и координиран пристап во спроведување на програмата за превенција од злоупотреба на дроги според методологијата на образование за животни вештини и рана детекција и интервенција*

1.3. Организирање на информативни средби со претставници од локалната самоуправа, со посебен акцент на лицата одговорни за образование во 35 општини.

*4. Поддршка, следење и евалуација на програмата за превенција од злоупотреба на дроги како дел од Образование за здрави животни вештини*

4.1. Дефинирање на потребите, активностите, надлежностите и одговорностите на сите институции вклучени во процесот на образование во средните училишта на национално и локално ниво;

4.2. Организирање на координативни средби и развивање на план за континуирана поддршка, следење и евалуација.

**4. Име на проектот: Подобрување на контролата на туберкулозата во Република Македонија**

**Донатор** : Глобален Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија

**Период на реализација** 01.04.2006 -31.03.2011

**Цели на проектот** :
- подигнување на нивото на знаења и информираност на ранливите групи за туберкулоза
- подигнување на знаењата и капацитетите за туберкулоза на лицата кои работат со ранливи групи
- подигнување на нивото на информираност и знаења за туберкулоза кај ранливите групи (корисници на droги, бегалци, лица на лекување во психијатриски установи, Роми и лица кои живеат со ХИВ/СИДА)

**Реализирани активности:**
- Формирање на група од 15 пиер едукатори,
- одржана едукација за туберкулоза за пиер едукаторите,
- печатење на информативно-едукативна брошура за туберкулоза,
- одржан годишен состанок за размена на искуства од четири годишната имплементација на проектот
- имплементација на пиер едукативни сесии,
- дистрибуција на информативно-едукативна брошура за туберкулоза за ранливи групи,
- реализирано истражување за знаења ставови и практики за туберкулоза помеѓу корисници на дроги, Роми, затвореници, лица на лекување во психијатриски установи и лица кои живеат со ХИВ/СИДА. Извештајот од истражувањето ќе биде финализиран во текот на месец Јуни 2011 година.

**Постигнати резултати едукативни работилници**
Следење на индикатори по групи во 2010

| Ранлива група | Предвидени | Опфатени (број) |
|---|---|---|
| КДИ | 600 | 1354 |
| Бегалци/ВРЛ | 290 | 560 |
| Лица на лекување во психијатриски установи | 160 | 457 |
| Роми | 100 | 344 |
| ЛКЖХС | 10 | 7 |
| **Вкупно** | **1160** | **2722** |

**5. Име на проектот:** Модел за обезбедување долгорочна правна помош и заштита на човековите права на сексуалнитеработници

**Донатор:** ФИООМ и ИОО Њу Јорк
**Временски период на реализација:** 01.01.2010 – 31.12.2010

**Цели на проектот:**

- Обезбедување на долгорочна правна помош за сексуалните работници приведени во полициската рација во Ноември 2008 и присилно тестирани за ХИВ/Хепатит;
- Обезбедување на континуирана психосоцијална поддршка и помош на приведените сексуални работници/чки и на луѓето кои работат со нив;

**Реализирани активности:**

- Водење процедури за утврдување на законитоста на постапувањето/притворањето во текот на полициската постапка
- Следење на кривичната постапка против сексуалните работници според членот 205 од Кривичниот закон
- Постапки за заштита на правото на безбедност
- Постапки за заштита на правото на приватност
- Психосоцијално советување и поддршка за сексуалните работници
- Развивање на вештини за справување со негативните емоционални последици од работата како сексуални работници
- Обезбедување на помош за помагачите – теренските работници, социјални работници, правни советници

**Постигнати резултати**

- Обезбедена правна помош и застапување на 7 сексуални работници обвинети за пренесување на заразна болест Хепатите Ц пред правосудните органи во Република Македонија;
- Обезбедена правна помош и застапување на 13 сексуални работници приведени и присилно тестирани за ХИВ/Хепатит пред правосудните органи во Република Македонија;
- Обезбедена правна помош и застапување на 3 сексуални работници кај кои е утврдена повреда на првото на приватност од страна на 5 медиуми;
- Обезбедена континуирана психо-социјална поддршка на сексуалните рабтоници и членовите на тимот од ХОПС кои работат со нив;

**Следни чекори:**

- Континуирана реализација на започнатите активности.



ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

6. **Име на проектот: Промоција и заштита на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници**

**Временски период на реализација:** 01.01. 2010 –31.12. 2010

**Реализатор на проектот:** Коалиција за промоција и заштита на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници (ХОПС, ХЕРА, ЕГАЛ, СТАР, ИЗБОР)

- Почетокот на оваа година по однос активностите на Коалицијата беше одбележана во знак на носењето на ***Законот за спречување и заштита од дискриминација***.
- Итна комуникација со медиумите: Повеќе од 15 интервјуа беа дадени од страна на координаторот и правниот консултант на Коалицијата за печатените и електронски медиуми. Истите зедоа учество и на јавно ТВ дебати реализирани во рамки на националните телевизии. Она што е значајно да се напомене е дека можеше да се забележи истакната мобилизација на медиумите во насока на позитивна подршка кон нашата работа и заземање критички став кон владината одлука. Коалицијата на дневна база излегуваше со коментари и реакции по однос секоја изјава моја доагаше од Владата на РМ или Министерството за труд и социјална политика.
- Со оглед на фактот дека оваа владина одлика беше доседена нетранспарентно, пришто официјаланта нацрт верзија не беше доставена до никој од засегнатите страни (со исклучок на информацијата за бришење на сексуалната ориентација), Коалицијата заедно со ФИООМ поднесе официјално барање до Владата, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за труд и социјалан политика, а со цела да ни биде доставен нацрт-законот.
- Комуникација со интернационаланта заедница: Веднаш штом ја добивме информацијата воспоставивме контакт со ИЛГА-Европа и дел од македонските новинари во Брисел. Контакти беа воспоствени и со претставници на ЕК и претставници на ЛГБТ интер-групата во ЕП. Во итна постапка од едне дена ин беа испратени сите неопходни информации по однос ситацијата со законот во Македонија, после што ЛГБТ интер-фрупата истапу јавен допис и реакција на владината одлука. Комукинацијата со Директоратот за проширување за Македониај во ЕК беше продолжена, а со цел да се добие јавна реакција од нивна страна. Во меѓувреме, ИЛГА-Европа исто така достави писмо до Владата на РМ, мИнистерството за труд и социјална политика и различни парламентарни комисии.


ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

- Од наша страна писмото беше преведено и дистрибуирано до сите медиуми, дел од кои ја публикуваа информацијата.
- Колаборативна акција со други НВО од Македонија.
- Акција во Собранието. Коалицијата воспостави контакт со неколку претставници во Собранието, претставници ан опозицискиот блок, и успешно беше организирана опозицијата во поднесувањето на старата верзија на законот и нејзино ставање во поаралелна процедура со веќе постоечката верзија ан Владата. За жал, со оглед на фактот дека мнозинството од комисиските членови се од владејачката партија, предложениот закон не беше усвоен.
- РЕакции на хомофобија и говор на омраза.
- Коалицијата на ***17-ти мај*** одржа прес конференција на отворен простор во Паркот на Жената борец веднаш наспроти Собранието на Република Македонија, местото во кое беше изгласан дискриминаторскиот закон за недискриминација. Одржувањето беше мотиварано од ***Интернационалниот ден против хомофобија –ИДАХО***. Прес конференцијата беше надополнета со (иронично)свечено објавување на добитниците на благодарници за посебен придонес во борбата против хомофобијата. Благодарница за посебен придонес во развојот на геј порно естетиката му бесе упатена на Драган Павловик Латас; Пофалница за најнадежен студент во областа на правото на “еротската унија” му беше доделена на Влатко Горчев; Благодарница за посебен придонес во развојот на феминистичката мисла и движење во Македонија и беше упатена на Косана Николиќ-Мазнева, и Благодарница за посебен придонес во враќањето на 19-век-овините принципи во Психијатријата-за Доктор Јован Гинев. На крајот на прес конференцијата во небото на Скопје беа пуштени 100 балони во боја на виножите како симбол за славење на слободата, различностите и еднаквоста.
- Истот ден Коалицијата зеде учество на јавната дебата на тема “*Борба против хомофобијата во образовниот систем во Република Македонија”,* организирана од Македонскиот Хелсиншки комитет. Заклучоците кои произлегоа од дебата се:
- Истражувањето со наслов “Љубов после часови”, спроведено од НВО Х.Е.Р.А, покажува дека знаењета од областа на сексуалното и репродуктивносто здравје помеѓу учениците од средно образование се сеуште незначајни. Кај голем број на испитаниците се покажува комплетно непознавање на некои од основните методи за заштита од сексуално преносливи инфекции, како и големо присуство на предрасуди и стереотипи, посебно кон малцинските групи.

Голем процент од испитаниците родители покажуваат позитивен став кон воведувањето на образование за сексуално здравје, а постоечите темати во програмите само парцијално ги покриваат темите кои влегуваат во комплексот на сексуалното образование.

- <u>Од 20-23 април Коалицијата одржа **_ретреат и тренинг за стратешко планирање_**.</u> На тренингот беа изработени и нацрт верзии на Личната карта на Коалицијата, вклучително со мисијата, визијата, вредностите и таргет групите и беше изготвена стратегијата со клучните насоки и активности. Тренингот беше подоцна проследен со дополнителна работа врз нацрт верзиите и нивно финализирање. Во овој процес беше изготвен и Статут на Коалицијата кој е конечно финализирана пред почетокот на Основачкото собрание и регистрација на коалицијата.

- 17-ти јуни, во 11.00 часот во просториите на Клубот ГЕМ беше одржана прес конференција по повод вршењето и поттикнувањето на дискриминација и ширењето на говор на омраза забележано на најавниот материјал (постери и интернет страна) за 6-от по ред ***интернационален МОТО Фестивал***. Откако Коалицијата за сексуални и здравствени права поднесе иницијатива до Народниот правобранител, од канцеларијата на истиот е поднесена иницијатива за преиспитување на постапката до Град Скопје. После разговори и со претставници на Градот Скопје, истите излегоа со соопштение до јавноста (хттп://њњњ.скопје.гов.мк/СхоњАнноунцементс.аспџ?ИтемИД=3442&мид=482&табИд=1&табиндеџ=0). Јавно се оградија и од Прилепска пивара кои ја осудија дискриминацијата од секаков вид. На прес конференцијата беше поздравена одлуката и соопштенијата како на Град Скоје, така и на Прилепска пивара. И покрај успешноста на акција која посебно се огледа во Соопштенијата на Град Скопје и Прилепска Пивара, истите на крај не го повлекоа официјалното спонзорство на Фестивалот. Организаторите на Фестивалот, исто така одржаа прес-конференција на која се оградија од какви и да било намери за дискриминација и јавно го пречкртаа спорното место на постерот.
- ***Соработката со Медиуми*** во изминатиов период беше активно одржувана, посебно во насока на Јавно реагирање по однос дискриминаторски говори. Исто така, Коалицијата ја одржува веќе постоечката пракса на водење на ***прес клипинг и мониторинг*** на печатените и дел од електронските медиуми. Редовно застпено е давањето изјави на координаторот по однос серија прашања, што сведочи за јавната препознаеност на Коалицијата.

- Во изминатиов период Коалицијата работеше и во насока на ***себе-одржување преку аплицирање и до други фондации со проекти*** кои имаат за цел да ја прошират и надополнат веќе постоечката работа.
- Коалициајта иницираше ***’мистифицирана’ кампања*** преку дистрибуција на мали стикери за во пакувањата на цигари низ целиот град. Стикерите го користат истиот формат како сликите кои стојат на новите пакувања на цигари, но носат политички мотивирани пораки коишто имаат за цел да поттикнат активно граѓанско, солидаризација и борба против дискриминација, стигматизација, социјално исклучување и насилство.
- Досега се започнати 7 ***случаи*** во рамките на ***проектот за бесплатна правна помош на маргинализирани групи***.
- Во целиот изминат период регуларно, на дневна и неделна основа, **веб страницата** на Коалицијата беше администрирана и ажурирана со најнови релевантни информации од Македонија и светот.
- Летниот период од јуни-август беше воглавно фокусиран на организација и подготовка на ***семинарот за медицински работници/лекари*** од целата земја. Семинарот беше одржан во септември. Семинарот вклучи лекари/специјалисти од различни градови во Македонија и опфати серија излагања од страна на лекари специјалисти кои имаа искуство во работа со корисници на droги, сексуални работници/чки, лица кои живеат со ХИВ/СИДА и ЛГБТ популацијата, а чиишто искуства овозможуваа сензитивен и опфатен преглед на потребите и проблемите со кои маргинализираните заедници се соочуваат во контекстот на лекувањето и нивните права како пациенти. Учество на семинарот зедоа 25 лекари кои дојдоа од Струмица, Штип, Прилеп, Битола, Гостивар, Куманови, Тетово, Охрид и Скопје.
- Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и здравствени права на маргинализираните заедници, со подршка на 28 невладини организации и 37 интелектуалци и универзитетски/академски професори во ноември 2010, по трети пат во периодот од шест месеци, достави Изјава – барање до Минстерот за образование, Националната комисија за учебници и Бирото за образование, а која се однесува на хомофобијата, односно хомофобичните содржини во учебници кои се користат за официјалната настава во основното, средното и високото образование во Република Македонија.
- Како резултат на игнорирањето на Министерот, но и фактот дека како резултат на јавно критикување на учебникот, беше поднесена кривична тужба против Ирена Цветковиќ, соработничка на Коалицијата, партнер организациите организираа протест на денот на судењето, на кој протест беше адресирана и хомофобијата во

образованието, чиешто долгогодишно толерирање ги создава условите за злоупотреби од овој тип. За протестот се испринтаа специјални маици со напис: ’НЕ! За хомофобија во образованието’.

- Работната група на лица кои живеат со ХИВ „Заедно посилни”решија дека за 1 декември оваа година ќе го испратат првото отворено писмо до јавноста во Македонија со кое гласно се изјаснуваат за достигнувањата во областа на ХИВ, но и за големите предизвици за поквалитетен живот на лицата кои живеат со ХИВ(ЛКЖХИВ). Писмото беше објавено со подршка на Коалицијата во два дневни весници.

Во следниот период, односно почетокот на 2011 година Коалицијата ќе се осамостои како посебна организација со сопствена структура и канцеларија.

**7. Име на проектот: Македонија без дискриминација**

**Донатор:** Делегација на Европската Унија во Скопје во рамките на програмата ЕИДХР/2008/163-229
**Временски период на реализација:**
23.12.2008 година - 23.06.2010 година со одобрено продолжување на активностите до 23.08.2010 година

**Цел на проектот:**
Придонес кон изградба на фер општество без дискриминација во кое сите луѓе ги уживаат правата на еднакви можности и имаат корист од различностите. Специфична цел на проектот е понатамошен развој на поддржувачка околина на еднакви можности за сите, односно недискриминација во Македонија.

**Реализирани активности во 2010:**
Според планот за активности ХОПС имаше обрска да реализира четири актвиности во проектниот период. Во периодот од 01.03.2010 до 23.08.2010 година реализирани се следните активности:
- Превод на албански и ромски на публикација “Годишен и полугодишен извештај за дискриминација во Македонија”. Оваа активност беше спроведена заедно со Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС Скопје и АДИ Гостивар.
- Состав, превод и печатење на публикација “Позитивни и негативни примери на дискриминација во Македонија”.

Во септември 2010 година доставен е финален наративен и финансиски извештај за спроведенте активнсоти на ХОПС до носителот на проектот “Месечина” Гостивар.

**8. Име на проект: Локален експретски центар за droги на Град Скопје**

**Донатор:** Град Скопје

**Временски термин на имплементација:** Во текот на 2010 година од овој проект имаше два циклуси, односно, првиот се одвиваше од 01.01.2010 година до 30.04.2010 година, а вториот циклус се одвиваше помеѓу 01.10.2010 и 31.12.2010 година.

**Цел:** Подобрување на координацијата и соработката меѓу организациите и институциите во Град Скопје кои работат на превенција од злоупотреба на дроги, лекување, рехабилитација и ресоцијализација, намалување на штети и градска безбедност.

| Циклус 1: 01.01. - 30.04.2010 | | |
|---|---|---|
| **Цели** | **Активности** | **Резултати** |
| **1. Обезбедување функционалност во работата на Кординативното тело за дроги на Град Скопје**<br><br>**2. Обезбедување функционалност во работата на 5-те работни групи при КТД** | Континуирано одржување на состаноци на Координативното тело за дроги на Град Скопје, документирање на активностите на КТД<br>Организирање на координативни состаноци на ниво на работните групи при КТД (тромесечно) | Одржани 3 состаноци на КТД и документирани состаноци преку записници и листи.<br><br>Одржани 7 состаноци на раководители на ранотни групи и одржани по 2 состаноци на работните групи |
| **3. Реализација на задачите на Локалниот експертски центар за дроги** | 1. Отварање мејлинг листа за членовите на КТД<br>2. Дистрибуирање на различни содржини од интерес до членовите на мејлинг листата<br>3. Промовирање на Координативното тело за дроги на Град Скопје и Локалниот експертски центар преку печатење на информативни материјали:<br>- лифлет за КТД<br>- лифлет за ЛЕЦ<br>4. Техничка изработка на интернет страница<br>5. Дефинирање и креирање на содржините на интернет страницата<br>6. Подготовка и континуирано поставување на содржини на интернет страницата | Отворена мејлинг листа за цленовите на КТД и дистрибуирани голем број на содржини преку истата.<br><br>Испечатени инфроматевни 500 лифлети за КТД и ЛЕЦ и промовирани за време на Кампањата за намалување на стигма и дискриминација кон лицата кои употребуваат дроги.<br><br>Изработена интернет страница за КТД http://www.skopje.gov.mk/ktd/ и континуирано поставување на содржини на истата. |

| | | |
|---|---|---|
| **4. Развивање на систем на следење и проценка на имплеметацијата на активностите од Акциониот план за дроги** | 1. Идентификување и ангажирање на надворешен експерт<br><br>2. Организирање на тродневен семинар на тема "Мониторинг и евалуација" за едукација на групата за следење и проценка и членовите на КТД<br><br>3. Изготвување на План за евалуација на Акциониот план за дроги на Град Скопје (2008 - 2010)<br><br>4. Подготовки за изготвување на новиот Акционен план за дроги на Град Скопје 2011 – 2013 | Идентификува надворешен експерт и организирана и одржана обука/семинар на тема "Мониторинг и евалуација" за сите членови на КТД<br><br>Завршена подготовка за изготвување план за евалуација на Акциониот план за дроги на Град Скопје (2008 - 2010)<br>Направени подготовки за изготвување на новиот Акционен план за дроги на Град Скопје 2011 – 2013 |
| **5. Зајакнување на капацитетите на полицијата за ефикасно справување со проблемот на злоупотреба на дроги** | Организација на 5 еднодневни семинари за едукација на водичи на безбедносните сектори и инспектори за НТ со дрога за распознавање на симптомите на лица под дејство на дроги и комуникациски вештини и прва помош и заштита | Организирани 6 еднодневни семинари, обучени околу 100 полицајци од различен ранг, инспектори за НТ со дрога и дежурни полицајци |
| **6. Намалување на стигмата и дискриминацијата кон лицата кои употребуваат дроги и создавање на механизми за нивно социјално вклучување** | Развивање и спроведување на кампања за Намалувањена стигмата и дискриминацијата кон лица кои употребуваат дроги<br>Активности на Кампањата:<br>1. Прес - конференција за информирање на медиумите за целта и активностите на Кампањата, во Инфо центарот на Град Скопје, на 19.04.2010;<br>2. Испечатен информативен лифлет за Координативното тело за дроги на Град Скопје, и дистрибуиран на прес – конференцијата и завршниот настан на Кампањата;<br><br>3. Поставени постери со рекламните пораки на 20 автобуси на Јавното сообраќајно претпријатие "ЈСП" – Скопје во периодот од 16 април 2010 до денес; | Равиена и спроведена Кампања, во траење од 2 недели, во која беше информирана поширокота јавност и донесувачите на одлуки, за проблемите со кои се соочуваат корисниците на дроги и нивните потреби.<br>Активноста - постери на 20 автобуси на ЈСП, се одвиваше 8 месеци, односно постерите беа поставени на автобусите кои сообраќаа низ Скопје во текот на 8 месеци, од 15.04.2010 до 31.12.2010 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Прикажани 10 проекции на постерите на јавни ѕидни површини во центарот на градот;<br>5. Информативни штандови и штандови со производи од креативни работилници на корисници;<br>6. Велосипеди со рекламните постери кои кружеа за време на проекциите на различни локации во градот;<br>7. Завршен настан на Кампањата проследен со проекции на постерите и прикажување на театарска претстава на тема „Стигма", во организација на Театарска трупа „Сенки и облаци" – 23.04.2010 во Музеј на Град Скопје, на кој присуствуваа 70 лица, меѓу кои и Градоначалникот на Град Скопје – г. Коце Трајановски, Н.Е. Амбасадорот на Холандското Кралство, неговата екселенција Симоне Филипини, претставници од организациите кои работат на полето на дрогите, претставници од Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности итн.<br>8. Гостувања во 9 ТВ емисии на национални и локални ТВ станици за информирање за активностите на Кампањата. | |
| **7. Поддршка на постоечката програма за намалување на штети** | Обезбедување поддршка на програмата за намалување на штети<br><br>Собирање, транспорт и согорување на медицински отпад | Покриени трошоци за кирија на Дроп ин Мавровка за 11 месеци<br><br>Покриени трошоци за собирање, транспорт и согорување на медицински отпад за 11 месеци во периодот мај 2009 до април 2010 година (согорен медицински отпад во перидот од јануари до април 2010 година 506 килограми) |

| Циклус 2: 01.10. - 31.12.2010 | | |
|---|---|---|
| **Цели** | **Активности** | **Резултати** |
| **Обезбедување функционалност во работата на Кординативното тело за droги на Град Скопје**<br><br>**Обезбедување функционалност во работата на 5-те работни групи при КТД** | 1.Континуирано одржување на состаноци на Координативното тело за дроги на Град Скопје<br><br>2. Организирање на координативни состаноци на ниво на работните групи при КТД (вкупно 5 состаноци) | Одржан 1 состанок на КТД<br><br>Одржани 4 состаноци на раководители на работни групи<br>Одржани 2 состаноци на работната група за примарна превенција |
| **Реализација на задачите на Локалниот експертски центар за дроги** | 1. Дистрибуирање на различни содржини од интерес до членовите на мејлинг листата<br><br>2. Обезбедување простор за работа на КТД<br><br>3. Промовирање на Координативното тело за дроги на Град Скопје и Локалниот експертски центар преку информативни средби со донесувачи на одлуки<br><br>4. Подготовка и континуирано поставување на содржини на интернет страницата | Дистрибуирани содржини до челновите на мејлинг листата<br><br>Обезбеден простор за одржување состаноци на КТД и работни групи при КТД<br><br>Остварена 4 средби со донесувачи на одлуки, претежно од скопските општини<br><br>Континуирано поставување на содржини на интернет страницата |
| **Развивање на систем на следење и проценка на имплеметацијата на активностите од Акциониот план за дроги** | 1. Изготвување на План за евалуација на Акциониот план за дроги на Град Скопје (2008 - 2010) година<br>2. Спроведување евалуација на спроведени активности според Акциониот план за дроги 2008-2010 година<br>3. Идентификување и ангажирање на надворешен евалуатор<br>4. Поставување на индикатори во текот на подготовките за новиот Акционен план за дроги 2011-2013 година<br>5. Процес на изготвување на Акционен план за дроги на Град Скопје 2011 – 2013 година | Изготвен пла за евалуација на Акциониот план за дроги на Град Скопје (2008 - 2010) година<br>Спроведена евалуација на активностите од Акциониот план за дроги на Град Скопје (2008 - 2010) година од страна на надворешен евалуатор и доставен официјален извештај од евалуацијата и препораки за следен АП<br>Започнат процес на изготвување на Акциониот план за дроги на Град Скопје (2011 - 2013) година, направена драфт верзија на планот |

| | | |
|---|---|---|
| **Подготовка за спроведување проект за примарна превеција, за воведување теми и акивности поврзани со droги во наставната програма на предмети во средното образование** | 1. Организирање обука за членови на стручните служби на средните училишта<br><br>2. Организирање 2 средби со наставници од средните училишта | Организирана е една дводневна обука за членови на стручните служби на средните училишта на Град Скопје (по еден претставник)<br><br>Во 2010 година не се одржани средбите |
| **Промовирање на КТД и активностите од Акциониот план за дроги на Град Скопје и лобирање за обезбедување финансиска поддршка за спроведување на активности од Акциониот план за дроги на Град Скопје** | 1. Учество на Јадранска Коференција за болести на зависност<br><br>2. Учество на Симпозиум на земјите од средна и југоисточна Европа за болести на зависност | Претставници од КТД – координаторот на КТД и раководителите на работните групи при КТД присуствуваа на Јадранска Коференција за болести на зависност и Симпозиум на земјите од средна и југоисточна Европа за болести на зависност |
| **Воспоставување програма за тераписка заедица** | 1. Примери на иницијативи и добри практики за воспоставување програми за тераписка заедница<br><br>2. Согледување на потребите за воспоставување програма за тераписка заедница<br><br>3. Наоѓање локација за воспоставување програма за тераписка заедница | Согледување на примери на добри практики за воспоставување на програма за тераписка заедница<br><br>Одржани состаноци со донесувачи на одлуки (од општините и МПЦ) за пронаоѓање на локација за воспоставување на програма за тераписка заедница |
| **Продолжување поддршка на постоечката програма за намалување на штети** | Обезбедување поддршка на програмата за намалување на штети<br><br>Собирање, транспорт и согорување на медицински отпад | Покриени трошоци за кирија на Дроп ин Мавровка за 3 месеци<br><br>Покриени трошоци за собирање, транспорт и согорување на медицински отпад за 3 месеци (согорен медицински отпад во перидот од октомври до декември 2010 година 260 килограми) |


ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

**9. Име на проектот: Реформи во затворите во согласност со стандардите на ЕУ – ресоцијализација на лица зависни од дрога**

**Донатор:** ОБСЕ

**Времетраење на проектот:** 01.04.2010 - 31.03.2011

**Цели на проектот**: Подобрување на здравствената и социјалната состојба на лицата осуденици во КПУ Идризово

**Цели:**

**1.** Ресоцијализација и рехабилитација на лицата кои отслужуваат казна затвор и се зависни од droги
**2**. Јакнење на капацитетот на вработените во КПУ Идризово за работа со лица зависни од дроги

**Активности:**

- Мапирање на ситуацијата во затворот во однос на третманот и ресоцијализацијата на лицата зависни од дроги
- Едукација на вработените во затворот за третман и принципи на работа со лица зависни од дроги
- Развивање на програма за ресоцијализација и рехабилитација на лица зависни од дроги – услуги од страна на психолог и социјален работник

**Постигнати Резултати:**
**-** Мапирањето на ситуација во затворот во однос на третманот и ресоцијализацијата на лицата зависни од дроги е завршено и е подготвен извештај за истото
- Едуцирани се 23 лица вработени во затворот Идризово. Од нив 8 се од службата за обезбедување, 6 од здравствениот оддел и 8 од службата за ресоцијализација и рехабилитација
**-** Програмата за ресоцијализација и рехабилитација на лица зависни од дроги е развиена и се состои од услуги од социјален работник и услуги од психолог

**Услуги од социјален работник**

- Информации и консултации за добивање здравствено осигурување, социјална помош, документи за лична идентификација
- Асистенција при вадење на потребните документи
- Контактирање со потребните здравствени и социјални институции во име на клиентот
- Индивидуални советувања

- советувања и работа во група
- креативни работилници
- Упатување до и контактирање со Дроп-ин центрите на ХОПС, заради користење на правните и социјалните услуги кои се нудат таму;
- Контактирање со Дневниот центар за жени и правната служба на ХОПС, заради информирање за клиенти на ХОПС кои се моментално на издржување казна затвор во КПУ Идризово;

Постигнати резултати

Во прилог во табелата се прикажани бројот на дадени услуги во 2010 година:

Листа за евиденција за социјални услуги во КПУ (затвор) Идризово
за периодот 01.07.2010 - 31.12.2010

| | **Информации и консултации** | | | | | | | | | | | **Социо-терапија** | | | **Советувања** | | | | | | **Социјални техники** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Советувања и социотерапија | | | | | | Упатувања до институции и организации | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Број на клиенти** | Индивидуална | Групна терапија | Неформален разговор | Информации за здравствено осигурување | Информации за социјална помош | Информации за добивање документи за лична | Владини | Невладини | Информации за добивање правна помош | Информации зза добивање едократна помош и други бенефиции | Информации за сместување | Информации и обука за вработување | Едукативна работилници | Гледање филм | Играње улоги | ХИВ/СИДА | Хепатитис Б и Ц | туберкулоза | Мотивирање за третман | Намалување на штети | медијација | генограм | Социјална (еко) мапа | Социјална мрежа |
| | 80 | 613 | 58 | 3 | 4 | 6 | 12 | 13 | 8 | 8 | 0 | 0 | 571 | 123 | 36 | 32 | 16 | 24 | 62 | 1 | 5 | 29 | 20 | 0 |

Услуги од Психолог
- Индивидуална Психотерапија
- Групна Психотерапија
- Социотерапија
- Креативни работилници, Филм, Играње на улоги
- Психодијагностика
- Советување
- Медијација

Вкупен број на осуденици кои се исконтактирани со програмата е 103. Сите тие користеле услуги од психолог, а 95 користеле услуги од социјален работник. Вкупен број на дадени услуги е 4726 . Од нив 3002 се дадени од психолог а 1724 од социјален работник. Направена е евалуација на програмата преку доброволно и анонимно пополнување на прашалник од страна на корисниците на програмата. Во евалуацијата учествуваа 34 клиенти.

| Листа за евиденција за психолошки сервис во КПУ (затвор) Идризово за периодот 01.07.2010 – 31.12. 2010 | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на клиенти** | **Психо-терапија** | | | **Психо дијагностика** | | | | **Социо-терапија** | | | **Советувања** | | | |
| | Индивидуална терапија | Групна терапија | Семејна терапија Терапија | Маховер | Тест ММПИ – инвентар на личност | Животен стил | Индекс на емоции | Едукативни работилници | Фил-мови | Играње улоги | ХИВ/СИДА | Хепатитис | Мотивација за третман | Медијација |
| | 83 | 1151 | 0 | 54 | 78 | 40 | 94 | 707 | 263 | 76 | 31 | 1 | 346 | 78 |

Најважни достигнувања на програмата според оваа евалуација се:

- 24 клиенти или 72,7% од клиентите кои го пополниле прашалникот ја намалиле употребата на дрога
- 6 клиенти или 46% од лицата кои инјектирале дрога продолжиле да употребуваат дрога но престанале да инјектираат
- 24 клиенти или 77% од лицата кои се на метадонска терапија известуваат дека ја намалиле дозата на метадон
- 6 клиенти или 19,3% од лицата кои се на метадонска терапија успешно ја зваршиле програмата
- 33 клиенти или 97,5 % изјавуваат дека нивната ментална состојба е подобрена
- 27 или 79,4 % програмата за ресоцијализација и рехабилитација на ХОПС ја оцениле со највисоката оценка 5.

**10. Име на проектот:** Чекор Напред

**Донатор:** СОАИДС Холандија

**Периос на известување:** Април 2010 – 31.12.2010

**Цел/Цели на проектот:**

***I Фаза***

Испитување на потребите на сексуалните работници од Скопје и Струмица во врска со нивниот потенцијален развој на кариерата, во или вон сексуалнта работа.

***II Фаза***

Зајакнување на сексуалните работници во Македонија преку:

- зајакнување на индивидуалните капацитети за донесување самостојни одлуки и избпри во однос на сегашната или идна кариера преку овозможување на едукација, кфалификација и/или зајакнување на вештини;
- зајакнување на единството и солидарноста во заедницата на сексуалните работници, но и охрабрување на сексуалните работници да превземат активна улога во сите прачања од нивен интерес преку организирање заеднички социјални настани, креативни работилници, одбележување на значајни денови, организирање мини кампањи и тренинг семинари;
- Зајакнување на поддржувачката околина за сексуалните работници вклучени во активностите на проектот преку овозможување на поддршка околу децата и поддршка од психолог;

**Реализирани активности:**

***I Фаза***

- Подготвено и имплементирано истражување помеѓу сексуалните работници во Скопје и Струмица во врска со нивните потреби за кариерен развој, во или вон сексаулната работа;
- Подготвено и имплементирано истражување помеѓу семејствата и партнерите на сексуалните работници во Скопје и Струмица со цел испитување на нивната улога во поддржувањето или отежнувањето на донесувањето одлуки на испитуваните сексуални работници а во врска со нивниот кариерен развој, во или вон сексуалната работа;
- Подготвен извештај за спроведеното истражување врз чија основа е планирана и реализирана Фаза II;

***II Фаза***

- Направен е план за работа врз основа на извештајот од гореспоменатото истажување
- Реализирани се интервјуа помеѓу сексуалните работници во Струмица и Скопје со цел формирање на групи за едукација;
- Избрани се и опремени простори, и формирани тимови за работа во Едукативниот центар Чекор Напред во Скопје и Струмица. Истите почнаа да функционираат во октомври 2010;
- Од октомври 2010 до декември 2010, во центарот во Скопје се реализирани следните активности;
  - Остварена е соработка со Работнички Универзитет Кочо Рацин во Скопје и Работички Универзитет Јошка Свечтарот во Струмица и овозможени се уписи на занаетчиски курсеви за заинтереситрани СР;
  - Формирани се и активирани групи за изучување англиски јазик во Скопје и Струмица и Формирана е и активирана група за изучување на информатика во Струмица.
  - Формирана е и активирана група за описменување во Скопје;
  - Обезбедени се стипендии и упис на 2 сексуални работници во средно образвание по нивен избор во Скопје;
  - Работено е со 31 различни деца на сексуални работници во онос на нивниот психофизики развој и образование;
  - Организирана е посета на деца и родители на Театарот за деца и младинци во Скопје, на предновогодишната претстава „Каралот и овчарот;
  - Организирана е посета на деца и родители на предновогодишна театарска претстава “Дедо Мраз, Астерикс и Обеликс”во Струмица;
  - Организирана е новогодишна забава за децата во Едукативните центри во Скопје и Струмица со приредба за родителите, пишување писмо/желби до Дедо Мраз и делење пакетчиња;

**Постигнати резултати:**

***I Фаза***

- 13 индивидуални длабински интервјуа со сексуални работници во Скопје и Струмица во врска со нивните потреби за кариерен развој, во или вон сексаулната работа, а 31 сексуални работници учествуваа во 5 фокус групи на иста тема;
- 8 индивидуални длабински интервјуа со семејства и партнери на сексуални работници во Скопје и Струмица со цел испитување на нивната улога во поддржувањето или отежнувањето на донесувањето одлуки на испитуваните сексуални работници а во врска со нивниот кариерен развој, во или вон сексуалната работа;

- Изработена анализа на податоците и препораки за следните активности во Фаза II;

***II Фаза***

- 2 СР завршија курс по фризерско, а 1 СР курс по физиотерапија во Работничкиот Универзитет Кочо Рацин. Тие се стекнаа со сертификати за завршен курс. 2 лица редовно посетуваат курс по фризерство и курс за болничари во Струмица.
- 4 СР посетуваат часови по англиски јазик, а 1 сексуален работник посетува индивидуална часови надвор од групатаво Скопје. 4 СР посетуваат редовно часови по англиски јазик и 1 СР часови по грчки јазик во Струмица.
- 6 СР во Скопје посетуваа часови по описменување во Скопје и се стекнаа со елементарни знаења од областа на правописот и читањето;
- 5 СР во Струмица посетуваат часови по информатика и комјутери.
- Лицето кое беше запишано во медицинското училиште до декември месец 2010 успешно положи 2 пријавени испити.
- Кај најглем дел од децата кои го посетуваат Едукативниот центар забележано е подобрување во совладувањето на обрзовните содржини, моториката, читањето и социјалните вечтини. Децата покажаа висок степен на мотивираност и желба да го посетуваат центарот и да учествуваат во активностите на истиот.
- 25 деца и 6 родителиа го посетија Театарот за деца и младинци во Скопје на предновогодичната претстава ‘Кралот и овчарот, и 20 деца пред 8 родители учествуваа во предновогодишната приредба во Центарот во Скопје.

**Следни чекори:**

- Континуирана реализација на започнатите активности, едукации, курсеви и социјални настани за СР и за нивните деца:
- Воведување на нови сексулани работници во активностите на проектот;
- Воведување на нови содржини базирани на искажаните потреби на сексуалните работници:
    - Часови по аеробик
    - Часови по самоодбрана
    - Часови по македонски јазик за турката популација во Струмица
- Организирање на настани со цел зајакнување на заедништвото помеѓу сексуалните работници од различни градови (размени на посети, одбелечување на вачни денови);

**11. Име на проектот:** Унапредување на право на лекување на Роми корисници на дроги

**Донатор:**
Институт отворено општество Будимпешта

**Период на реализација:**
01.12.2010 година- 30.11.2011година

**Цел на проектот:**
Унапредување на право на лекување на Роми корисници на дроги, посебно правото на третман на зависноста и подобрување на пристапот до правдата во случај на повреда на нивните права.

**Реализирани активности во 2010:**
- Развиена методологија за истражување.

**12. Име на проектот:** Развивање на програма за ресоцијализација и рехабилитација на лица зависни од дроги

**Донатор** : Министерство за труд и социјална политика

**Период на реализација** 01.08.2010 -31.12.2010

**Цел на проектот** : Развивање на програма за рехабилитација и ресоцијализација на лица зависни од дроги

Во периодот од 01.08-31.12.2010 година со поддршка на Министерството за труд и социјална политика во центарот за намалување на штети во Капиштец започнаа активности за развивање на програма за рехабилитација и ресоцијализација на лица зависни од дроги. На почетокот на проектот беа идентификувани две лица од заедницата кои заедно со другите клиенти, двајца социјални работници и двајцата експерти од областа преку различни техники започнаа активности за градење и јакнење на капацитетите на клиентите вклучувајќи и активности за развивање на животни вештини, индивидуална и групна психотерапија.


ХОПС - Опции за здрав живот Скопје - Ул. Христо Смирненски бр. 48-1/6 - 1000 Скопје - Тел/Факс: 02 3 246 210 - hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk